# З А П И С Н И К
**од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 25.7.2017 година**

**Скопје, јули 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 25.7.2017 година**

Седницата започна во 17:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев .

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваше и Ненад Јовановски, генерален директор на МЕПСО АД Скопје.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, д-р Арбен Таравари, министер за здравство и д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Тринаесеттата седница на Владата, одржана на 7.7.2017 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**
- **Информација за Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија – ревизија 2017 со Предлог Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија, ревизија 2017**
- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) гости**

1. Барање за одобрување на непредвидени работи - Изградба на спомен обележје - Плоштад Скендербег и Барање за одобрување на вишок количини на објектот Надземен пешачки премин, со Дополнителна информација за обезбедување на дополнителни средства со ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2017 година, како и потребни средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за Плоштад Скендербег

2. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

**б) економски систем и тековна економска политика**

3. Информација во врска со учество на Република Македонија на ЕКСПО 2020 ДУБАИ (EXPO 2020 DUBAI)

4. Информација за потреба од изменување и дополнување на Конвенцијата за меѓународен железнички превоз (КОТИФ) од 9 мај 1980 година содржана во Протоколот од 3 јуни 1999 година (Протокол донесен во Вилнус), како и изменување и дополнување на Додаток Д (ЦУВ УР), изменување на Додаток Ф (АПТУ УР) и изменување на Додаток Г (АТМФ УР), усвоени на 12- та седница на Генералното собрание, одржано на 29 и 30 септември 2015 година во Берн
5. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Милениум-Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објекти

6. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од Хотел Галеб – Струга, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

7. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Коцарев – Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

8. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Лирак, со Предлог-решение

9. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Скардус, со Предлог-решение
10. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Славија, со Предлог-решение

11. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од Хотел Денариус – Охрид, со Предлог – решение

12. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Гардениа и Спа – Велес, со Предлог-решение

13. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Дипломат – Охрид, со Предлог-решение

14. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Фламинго - Гевгелија, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

15. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Маива - Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

16. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Белви - Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

17. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Карпош - Скопје, со Предлог – решение

18. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од Хотел Изгрев - Струга, со Предлог – решение

19. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од Хотел Белведере – Охрид, со Предлог – решение
20. Информација за ратификување на Договорот од Париз за климатски промени

21. Информација за настанат климатски неповолен настан – пороен дожд, електрични празнења, силен ветер и град и причинети штети на земјоделски култури на 20 јули 2017 година во Ресенскиот и Тетовскиот регион

**в) политички систем**

22. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договорот меѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и Владата на Република Македонија за заемно признавање и замена на возачки дозволи

23. Информација за правосилност на една пресуда на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Селмани и други против Република Македонија, со Предлог – одлука

24. Информација за правосилност на една одлука на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Серафимоска против Република Македонија, со Предлог - одлука за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година

25. Информација за потребата од дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

26. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за културата, по скратена постапка

27. Предлог - закон за престанување на важењето на Законот за националниот уметник на Република Македонија, по скратена постапка

28. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за употреба на македонскиот јазик, по скратена постапка

29. Информација за прогрес и реализација на Проектот за условени парични надоместоци и потребата од продолжување на крајниот рок за завршување на Проектот

30. Информација за работата на Стручната комисија за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице и можност за вработување на шест доктори

31. Информација за подобрување на состојбата со бездомните лица

32. Информација во врска со Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

33. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје

34. Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2018 година

**б) политички систем**

35. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за одбрана

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Градска Општа Болница „8-ми Септември“ Скопје

37. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за влегување и престојување на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради учество во вежбовна активност „DRAGOON GUARDIAN“

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

38. Годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година

39. Програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2017 година, Извештајот за реализирани активности за 2016 година и Финансискиот извештај за 2016 година

40. Годишен извештај за работата на Македонска радио-телевизија за 2016 година

41. Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти во 2016 година

42. Годишен извештај на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

43. Годишен извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година

44. Извештај за работата на Советот за статистика на Република Македонија, за периодот јануари - декември 2016 година

45. Предлог-одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2017 година и Предлог-одлуката за одобрување на Финансискиот план на Македонската радио-телевизија за 2017 година

46. Предлог-одлука за одобрување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2017 година

47. Предлог - одлука за одобрување на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година

48. Годишен извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2016 година, со Предлог-одлука

49. Предлог - одлука за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2016 година

50. Предлог - одлуката за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2017 година

51. Предлог-одлука за давање согласност на предлогот на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година и Предлог-одлуката за давање согласност на предлогот на годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година

52. Годишен извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2016 година, Финансискиот план за 2017 година, Стратешкиот план за 2017 година, Годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година, со предлог-одлуки

53. Годишен извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2016 година, Финансискиот план за 2017 година, Стратешкиот план за 2017 година, Годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година, со предлог-одлуки

54. Годишен извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2016 година, Финансискиот план за 2017 година, Стратешкиот план за 2017 година, Годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година, со предлог-одлуки

55. Годишен извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2016 година, Финансискиот план за 2017 година, Стратешкиот план за 2017 година, Годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година, со предлог-одлуки

56. Барање за давање на автентично толкување на член 14, став 4 и член 42, став 10 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), во делот „бара мислење и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа“, поднесено од градоначалникот на општина Богданци

57. Барање за давање на автентично толкување на член 15 став 4 алинеја 5 и член 69 од Законот за градежно земјиште, поднесено од градоначалникот на општина Илинден

58. Барање за давање на автентично толкување на член 57 од Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Босилово

59. Барање за давање на автентично толкување на член 142 од Законот за градежно земјиште, поднесено од градоначалникот на општина Струга

60. Извештаи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни и медиумски услуги од истражувањата на третманот на родовите прашања и на прикажувањето и претставувањето на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2016 година

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

61. Решение на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.100/2016, донесено на седницата, одржана на 31.5.2017 година со кое се поведува постапка за оценување на уставноста на член 2 точка 11 во делот „Законот за царински мерки

за заштита на правата од интелектуална сопственост“ од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија” бр.46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015 и 23/2016)

62. Понуда од нотар Насер Зибери за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.7644 за КО Сарај на КП 11429

63. Понуда од нотар Искра Кировска за продажба на идеален дел од недвижен имот, со Имотен лист бр.80976 за КО Штип-5, КП 9141 и Имотен лист бр.100453 за КО Штип-5, КП 9148

64. Понуда од нотар Виолета Петровска Стефановска за продажба на недвижен имот, Имотен лист бр.4095 за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев на КП 5634

65. Понудат од нотар Вера Станоевска за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.2897 за КО Кисела Вода 1, КП 5004 и по Понудата

66. Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање, И. бр.906/14 од 14.6.2017 година, Заклучокот за усна јавна продажба И.бр.906/14, од 16.5.2017 година и Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.906/14 од 18.04.2017 година од извршител Снежана Андреевска од Скопје

67. Известување за Налог за пристапување кон извршување врз недвижност од извршител Снежана Андреевска, под И.бр.47/17

**д) други предлози**

68. Кадровски прашања
69. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

70. Информација за учество на почесна единица на Армијата на Република Македонија на церемонијата по повод примопредавање на должноста Командант на Бригадата на Југоисточна Европа – СЕЕБРИГ

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

71. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Македонија и Министерството за транспорт, информатичка технологија и врски на Република Бугарија за развој на железничката врска меѓу Скопје и Софија, со усогласен текст на Меморандум

72. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Министерство за внатрешни работи

73. Информација за потребата од формирање на Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, со Предлог – одлука

74. Информација во врска со потребата од склучување Договор помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и фирмата Giescke&Devrient GmBH правен следбеник Veridos, за целосна реализација на Рамковната спогодба бр.18.1-83075/1 од 28.12.2016 година

75. Извештај за извршувањето на Буџетот на Република Македонија во периодот јануари – јуни 2017 година

76. Информација за евалуација на проектите/програмите и активностите на Министерството за култура во 2017 година, со пресек до 1.6.2017 година

77. Информација во врска со воведување на ефтина дневна тарифа на електрична енергија за домаќинствата

78. Информација за линиски инфраструктурен објект ДВ 422 ТС Дуброво - грчка граница, со Предлог – одлука

79. Информација во врска со долг на Македонски железници Транспорт АД - Скопје кон АД МЕПСО – Скопје

80. Барање на Салем Аведат Салем за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

81. Барање на Хассан Аведат Салем Аведат за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

*

*   *

Владата го усвои Записникот од Тринаесеттата седница на Владата, одржана на 7.7.2017 година.

*

*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи во рамките на претточката Состојби и напредок во процесот на европска интеграција ги информираше членовите на Владата за напредокот во реализацијата на мерките содржани во Планот 3-6-9.

- **Информација за Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија – ревизија 2017 со Предлог Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија, ревизија 2017**

Владата ја разгледа Информацијата за Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија – ревизија 2017, со Предлог-текст на Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија 2017 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија – ревизија 2017, со Предлог-текст на Национална програма за усвојување на правото на ЕУ 2017, со тоа што Секретаријатот за европски прашања да ги инкорпорира во овој документ предлозите изнесени во мислењето на Министерството за образование и наука.

Исто така, Секретаријатот за европски прашања соодветно да го инкорпорира во овој документ и Законот за внатрешни работи.

2. Се задолжуваат работните групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската Унија на квартално ниво да доставуваат до Секретаријатот за европски прашања извештаи за реализација на предвидените активности во НПАА од изминатиот тримесечен период, почнувајќи од 1 септември 2017 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, на редовна квартална основа да ја информира Владата за степенот на реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија - ревизија 2017 година, почнувајќи од 20 септември 2017 година.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања најдоцна за седум дена да ја достави Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија – ревизија 2017 до матичните работни тела на Собранието на Република Македонија.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

  - *Информација за обврските за Република Македонија, согласно потпишаната Одлука на Советот за стабилизација и асоцијација за учество во работата на Европската агенција за фундаментални права, со посебен осврт на обврската за уплатата на влезен билет за учество на Република Македонија во работата на Агенцијата*

Владата ја разгледа Информацијата за обврските за Република Македонија, согласно потпишаната Одлука на Советот за стабилизација и асоцијација за учество во работата на Европската агенција за фундаментални права, со посебен осврт на обврската за уплатата на влезен билет за учество на Република Македонија во работата на Агенцијата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се определува Министерството за правда да биде надлежна институција за соработка со Агенцијата за фундаментални права.

2. Се задолжува Министерството за правда, во консултација со Министерството за надворешни работи до 10.9.2017 година до Владата да достави предлози за именување на набљудувач и заменик набљудувач во Управниот одбор на Европската агенција за

фундаментални права, како и национален офицер за врска за учество во работата на Агенцијата за фундаментални права од Министерството за правда и негов заменик од Министерството за надворешни работи.

3. Се задолжува Министерството за правда да ги обезбеди средствата за националното кофинансирање за уплата на финансискиот придонес за учество на Република Македонија во работата на Европската агенција за фундаментални права, во рамки на максимално одобрените износи на расходи за тековната 2017 година и соодветно за наредните фискални години.

4. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии да ги обезбедат ИПА средствата за уплата на финансискиот придонес за учество на Република Македонија во работата на Европската агенција за фундаментални права, за тековната 2017 година и соодветно за наредните фискални години.

5. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за правда да извршат исплата на финансискиот придонес за учество на Република Македонија во работата на Европската агенција за фундаментални права кон Европска комисија, во рок од седум дена по обезбедување на средствата за уплата на финансискиот придонес

- *Информацијата за отворени прашања од ИПА*

Владата ја разгледа Информацијата за отворени прашања од ИПА и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда да ја ревидира и усвои Стратегијата за секторот правда, во согласност со препораките на Европската Унија од јули 2016 година, Препораките на Прибе, кои ќе произлезат од мисијата планирана за 17-20 јули 2017 година, Венецијанската комисија, ГРЕКО и твининг експертите до крај на октомври 2017 година.

2. Се задолжува Министерството за правда до Секретаријатот за европски прашања да достави статус за исполнување на предусловите на ИПА 2014, до 30 август 2017 година.

3. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со сите крајни корисници од правосудниот сектор (Судски совет на Република Македонија, Јавно обвинителство на Република Македонија, Врховен суд на Република Македонија, судови, Државна комисија за спречување на корупција, Академија за судии и јавни обвинители, Управа за извршување на санкции) да организира состанок на високо ниво за целосно искористување на ИПА I во правосудниот сектор, како и обезбедување на целосно користење и функционалност на софтверските системи и ИКТ опремата до 15 август 2017 година.

4. Се задолжува Министерството за правда да организира презентација на усогласените ИКТ решенија во правосудниот сектор за Делегацијата на Европската Унија, веднаш по завршувањето со тестирањето на новата верзија на ЛДБИС, најдоцна до 1 август 2017 година.

5. Се укажува на Јавното обвинителство на Република Македонија, во соработка со Министерството за внатрешни работи, Државната комисија за спречување на корупција, Државниот завод за ревизија, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Управата за финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање во рамките на своите надлежности да продолжат со соработка и водење на досието на кривични

истраги, обвиненија и пресуди за случаи на корупција од висок профил и организиран криминал и користење на ИПА за зајакнување на административниот капацитет на надлежните институции и за преземените активности да информираат на секои три месеци почнувајќи од крајот на јули 2017 година.

6. Се задолжува Министерството за правда да постапи по препораките дадени од проектот „Зајакнување на владеењето на правото“ до крај на септември 2017 година.

7. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за внатрешни работи да ги преземе неопходните активности за обезбедување на градежни дозволи за Проектот за изградба на ИТ дата центар за опоравување од катастрофи до 1 август 2017 година.

8. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, да го информира Секретаријатот за европски прашања за статусот на инсталирање и функционалност на обезбедената опрема за интероперабилност преку ИПА ТАИБ 2012, до 1 август 2017 година.

9. Се задолжуваат сите институции кои набавиле возила преку европски фондови / ИПА средства во последните три години да подготват и достават извештај (со број на набавени возила, употребна состојба на возилата и корисник) до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 1 август 2017 година.

10. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да подготви акциски план за ДИС за 2017 година, најдоцна до крајот на јули 2017 година.

11. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да достави извештај за исполнување на предусловите за ТАИБ 2013 и ИПА 2014 и 2015 до Делегацијата на Европската Унија, најдоцна до 15 август 2017 година.

12. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да преземе чекори за размена на информации и редовна интеракција со активните донатори во согласност со Секторската рамка за координација, најдоцна до септември 2017 година.

13. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да одржи состанок со Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и ИПА Ревизорско тело, со цел да се дискутираат отворените прашања за спроведување на ИПАРД фондовите, најдоцна до 1 август 2017 година.

14. Се задолжува Министерството за правда да го информира Секретаријатот за европски прашања за плановите за измена на правната регулатива за да се овозможи електронско архивирање за декларациите за имот во Државната комисија за спречување на корупција, најдоцна до 1 август 2017 година.

15. Се задолжува Министерството за правда да и предложи на Владата назначување на координатор на високо ниво за реформи во областа на анти-дискриминација и да се реактивира работата на меѓуресорската координативна група за да се адресираат препораките од твининг проектот за анти-корупција и да се дефинираат новите владини реформски приоритети на ова поле, најдоцна до средината на август 2017 година.

16. Се задолжува Министерството за правда да го информира Секретаријатот за европски прашања за плановите за активирање на резултатите од Проектот за поддршка на Управата за извршување на санкции, особено начинот на одржување на набавената опрема, како и измените на актите за систематизација и зајакнување на Управата со празните работни места, најдоцна до средината на август 2017 година.

17. Се задолжува Министерството за правда да го информира Секретаријатот за европски прашања за начинот и напредокот на спроведување на Проектот за зајакнување на владеењето на правото од ТАИБ програмата за 2011 година, најдоцна до средината на август 2017 година.

18. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и Државната комисија за спречување на корупција да го информираат Секретаријатот за европски прашања за начинот и напредокот на спроведување на проектот „Понатамошно зајакнување на националните капацитети за борба против организираниот криминал и корупцијата од ТАИБ 2012“ со посебен осврт на можностите овој проект да се искористи за спроведување на планот 3-6-9, најдоцна до средината на август 2017 година.

19. Се задолжува Министерството за правда да го информира Секретаријатот за европски прашања за функционалноста на веб страна www.sud.mk, како и за конекцијата помеѓу Јавното обвинителство и судовите, најдоцна до средина на август 2017 година.

20. Се задолжува Државниот завод за индустриска сопственост да го информира Секретаријатот за европски прашања за исполнување на предвидените активности од Нацрт - Стратегијата за индустриска сопственост 2016-2018 и за плановите за ревидирање на истата пред нејзиното усвојување, најдоцна до средината на август 2017 година.

21. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да го информира Секретаријатот за европски прашања за преземените активности за расчистување на локацијата за градба на згради за ветеринарна и фитосанитарна инспекција на граничниот премин Блаце, финансиран преку ИПА 2015 година, најдоцна до 1 август 2017 година.

22. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да го информира Секретаријатот за европски прашања за напредокот во завршување на Стратегијата за реформа за јавна администрација, вклучително и за планот за организирање и спроведување на јавни дебати за Стратегијата, најдоцна до 1 август 2017 година.

23. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да го информира Секретаријатот за европски прашања за приоритетноста на Предлог - твининг проектот за зајакнување на капацитетите на системот за борба против фалсификување на еврото, најдоцна до крајот на јули 2017 година.

24. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја информира Владата за потребата од исполнување на предусловот за реализација на Проектот за набавка на колекторскиот систем во Скопје, преку финансирање на пречистителната станица за отпадни води во Скопје, најдоцна до крајот на јули 2017 година.

25. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Министерството за финансии да организира на редовна основа, координативни

состаноци со Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање за ризичните проекти од ИПА компонента 3 за регионален развој, еднаш во две недели, почнувајќи од крајот на јули 2017 година.

26. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Министерството за финансии да организира на редовна основа координативни состаноци со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука за ризичните проекти од ИПА компонента 4 за развој на човечки ресурси, почнувајќи од крајот на август 2017 година.

27. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да организира состанок на прво ниво на Националниот инвестициски комитет за да се разгледаат можностите за ревидирање на Единствената листа на проекти, најдоцна до крајот на јули 2017 година.

28. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за финансии да ја информира Владата за напредокот во спроведување на Проектот за изградба на пречистителна станица во Прилеп, со нотирање на проблемите во спроведување на истиот, најдоцна до 5 август 2017 година.

29. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Министерството за финансии да подготви и достави информација за искористување на ИПА средствата на првата наредна тематска седница на Влада.

30. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Министерството за локална самоуправа и Министерството за животна средина и просторно планирање да укажат на општините Радовиш и Кичево за потребата од назначување на вработени од јавните комунални претпријатија, кои ќе управуваат со пречистителните станици во овие две општини до крајот на јули 2017 година.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ги разгледа Барањето за одобрување на непредвидени работи - Изградба на спомен обележје - Плоштад Скендербег и Барањето за одобрување на вишок количини на објектот Надземен пешачки премин, со Дополнителна информација за обезбедување на дополнителни средства со ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2017 година, како и потребни средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за Плоштад Скендербег и даде согласност да се завршат работите за изведба на Плоштадот Скендербег, со заклучок бараните средства во износ од 125.000.000,00 денари да бидат проектирани и предвидени во Буџетот на Република Македонија за 2018 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање

и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со учество на Република Македонија на ЕКСПО 2020 ДУБАИ (EXPO 2020 DUBAI) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Донесе одлука Република Македонија да учествува на настанот ЕКСПО 2020 ДУБАИ (EXPO 2020 DUBAI), но поради големи финансиски средства потребни за наведената активност заклучи да не се закупува простор односно павиљон.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи на Република Македонија да го информира Емиратот Дубаи за наведената одлука.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од изменување и дополнување на Конвенцијата за меѓународен железнички превоз (КОТИФ) од 9 мај 1980 година содржана во Протоколот од 3 јуни 1999 година (Протокол донесен во Вилнус), како и изменување и дополнување на Додаток Д (ЦУВ УР), изменување на Додаток Ф (АПТУ УР) и изменување на Додаток Г (АТМФ УР), усвоени на 12- та седница на Генералното собрание, одржано на 29 и 30 септември 2015 година во Берн (нов текст), со усогласени текстови на изменувањата и дополнувањата на Конвенцијата и додатоците, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт и врски веднаш да го достави текстот на изменувањето и дополнувањето на Конвенцијата за меѓународен железнички превоз (КОТИФ) од 9 мај 1980 година содржана во Протоколот од 3 јуни 1999 година (Протокол донесен во Вилнус), како и изменувањето и дополнувањето на Додаток Д (ЦУВ УР), изменувањето на Додаток Ф (АПТУ УР) и изменувањето на Додаток Г (АТМФ УР) до Министерството за надворешни работи, со цел истото да ја започне постапката за ратификација согласно Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Милениум-Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објекти и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Милениум-Битола.

2. Го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Хотел Милениум-Битола со седиште на ул.Маршал Тито бр.48-Битола - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од Хотел Галеб – Струга, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Галеб – Струга.

2. Го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Хотел Галеб со седиште на ул.Владо Малевски бр.60 - Струга, хотел од пета категорија со една (1) ѕвезда), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Коцарев – Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Коцарев – Охрид.

2. Го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Хотел Коцарев со седиште на ул. Св.Еразмо бб – Охрид, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Лирак, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Скардус, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Славија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од Хотел Денариус – Охрид, со Предлог -решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (ХОТЕЛ ДЕНАРИУС со седиште на ул.Кеј Македонија бр.91 А – Охрид , хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Гардениа и Спа – Велес, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Хотел Гардениа и Спа, со седиште на ул. Академик Пенчо Давчев бр. 75 Велес, за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Дипломат – Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Хотел Дипломат, со седиште на ул. Партизанска бр. Д-14 Охрид, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Фламинго - Гевгелија, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Маива - Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Белви - Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Карпош - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од Хотел Изгрев - Струга, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од Хотел Белведере – Охрид, со

Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за ратификување на Договорот од Париз за климатски промени (нов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за ратификување на Договорот од Париз за климатски промени.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави текстот на Договорот од Париз до Министерството за надворешни работи заради покренување на постапка за ратификување на Договорот од Париз согласно Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за настанат климатски неповолен настан – пороен дожд, електрични празнења, силен ветер и град и причинети штети на земјоделски култури на 20 јули 2017 година во Ресенскиот и Тетовскиот регион и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да формира комисии кои по поднесените барања за утврдување на настаната загуба односно штета од страна на носителите на земјоделски стопанства или организации на производители, односно од неевидентираните земјоделски стопанства, веднаш да извршат увид на лице место за настанатата загуба односно штета од климатскиот неповолен настан и да состават записници за извршениот увид.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство веднаш да ги информира носителите на земјоделските стопанства или организации на производители, односно од неевидентираните земјоделски стопанства, во периодот од 25.7.2017 до 12.8.2017 година да ги поднесат барањата за утврдување на настанатата загуба односно штета до Подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 22**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот меѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и Владата на Република Македонија за заемно признавање и замена на возачки дозволи и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати новиот усогласен текст на Договорот меѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и Владата на Република Македонија за заемно признавање и замена на возачки дозволи.

2. Го определи заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, во име на Владата на Република Македонија, да го потпише Договорот меѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и Владата на Република Македонија за заемно признавање и замена на возачки дозволи.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на една пресуда на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Селмани и други против Република Македонија, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, (во вкупен износ од 30.000 евра кои треба да им бидат исплатени на апликантите заклучно со крајниот рок кој истекува на 9.8.2017 година) во предложениот текст

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за правосилност на една одлука на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Серафимоска против Република Македонија, со Предлог - одлука за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во вкупен износ од 1000 Евра, кој треба да и биде исплатен на жалителката заклучно со крајниот рок кој истекува на 18.8.2017 година.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (нов текст), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за одбрана во соработка со стручни лица и институции да разработи предлози за изнаоѓање на начин за подобрување на целокупната финансиска состојба во одбраната (Министерството за одбрана и АРМ) и да ги достави до Владата.

**Точка 26**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за културата, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура.

**Точка 27**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог - законот за престанување на важењето на Законот за националниот уметник на Република Македонија, по скратена постапка, го утврди како Предлог - закон за престанување на важењето на Законот за националниот уметник на Република Македонија и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура.

**Точка 28**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за употреба на македонскиот јазик, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за употреба на македонскиот јазик, кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес и реализација на Проектот за условени парични надоместоци и потребата од продолжување на крајниот рок за завршување на Проектот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да се обрати до Светска банка со барање за откажување на 1,6 милиони евра од одобрениот кредит за реализација на УПН Проектот.

2. Се задолжува Министерството за финансии да се обрати до Светска банка со барање за продолжување на УПН Проектот за дополнителни осум месеци во кое ќе биде наведено дека соодветен износ на средства за УПН Проектот ќе биде одобрен со буџетот за Проектот за 2018 година.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Стручната комисија за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице и можност за вработување на шест доктори и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика со Министерството за здравство да ја разгледаат можноста за обезбедување на доктори за работа во Стручната комисија.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за финансии да ја разгледа можноста за вработување на шест доктори во Стручната комисија за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице и обезбедување на средства за обезбедување на дневни и патни трошоци при вршење на увидите.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за подобрување на состојбата со бездомните лица (најнов текст), ја усвои со вградените укажувања и забелешки од Мислењето на Министерството за транспорт и врски и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од 60 дена да изнајде земјиште или објекти во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Град Скопје, Куманово, Струмица и Струга, кои може да се користат во насока на формирање прифатилишта за бездомни лица

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во рок од 120 дена да изработи проектна документација за подигање на прифатилишта за бездомни лица, како и Акциски план со предлог - активности за поддршка на реинтеграцијата на овие лица.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита и ја усвои со следниот заклучок:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да изготви Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита и Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата и во рок од седум дена да ги достави до Владата на Република Македонија.

**Точка 33**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2018 година, во предложениот текст

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Градска Општа Болница „8-ми Септември“ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за влегување и престојување на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради учество во вежбовна активност „DRAGOON GUARDIAN“, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја симна од Дневниот ред Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2017 година, Извештајот за реализирани активности за 2016 година и Финансискиот извештај за 2016 година и притоа го утврди следново мислење:

Предметните извештаи се во функција на реализација на обврската од член 374 став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, согласно кој Финансискиот извештај и Извештајот за реализираните активности од Годишната програма, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ги доставува до Собранието на Република Македонија, а Програма за работа на Републичкиот совет за 2017 година е доставена како материјал за информирање.

Во точката 1.11.1 од Извештајот во која е наведено дека е изготвен софтвер на електронски сообраќајни тестови кои се јавно достапни, за користење за едукација на деца, се смета дека не е доволно направено за јавно презентирање на ова софтверско решение и запознавање на пошироката јавност за нивно користење.

Во точката 1.18 од Извештајот во која е наведено дека е изработен Прирачник за возачи почетници, не е наведено дали Прирачникот е испечатен и дистрибуиран до крајните корисници за кој е наменет, со цел истиот да биде во функција - посовесно, одговорно и законско однесување на возачите-почетници во сообраќајот.

Во точката 1.34 од Извештајот во која е наведено дека заради подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата се набавени 35 професионални батериски ламби и дека истите ќе бидат донирани на Министерството за внатрешни работи штом се создадат законски услови за тоа, Ве известуваме дека сеуште не е реализирано.

Исто така, во точката 1.38 од Извештајот во која е наведено дека, согласно обврските од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“, бр.169/2015, 226/2015 и 55/2016), Републичкиот совет, во соработка со локалната самоуправа формирале повеќе општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата (ОСБСП) во Република Македонија, се смета дека е потребно попрецизно да биде наведено колку општински совети се формирани и во кои општини, заради следење на сообраќајно-превентивните активности на локално ниво.

Во поглед на Финансискиот извештај на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2016 година, односно прегледот на Реализирани расходи за 2016 година, со член 374 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е предвидено дека „Заради зголемување на безбедноста во сообраќајот на патиштата Републичкиот совет е должен секоја календарска година 15% од средствата утврдени во став 1 од овој член, да ги намени за модернизација на уредите и опремата на надлежната организациска единица во Министерството за внатрешни работи која врши контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата“. Во текот на февруари 2017 година се одржал состанок со претставници на Републичкиот совет на нивно барање, со цел согледување на неопходните потреби на сообраќајната полиција заради соодветна намена на средствата кои Републичкиот совет, согласно Законот треба да ги намени за потребите на Министерството за внатрешни работи. На состанокот биле презентирани потребите на Министерството за внатрешни работи (алкомери, а потоа на нивна сугестија и друга опрема, односно батериски ламби, фото-апарати и сообраќајни знаци и чуњеви за обезбедување на лице место на сообраќајна незгода). Републичкиот совет доставило Известување до Министерството за внатрешни работи со кое го известило дека донеле одлука за јавна набавка на интегриран софтверски систем за контрола и управување со податоци за работа на електронски уреди за мерење на брзината на возилата во движење, со предвидените средства.

Во Извештајот е даден графички приказ на структурата на остварени приходи и расходи во изминатата година, во проценти, при што не се наведени апсолутни износи и табеларен преглед со споредба во однос на реализацијата од 2015 година, како и планираните средства во 2016 година. Се укажува предметниот Извештај да се дополни со детални и прегледни податоци во врска со реализацијата на финансиските средства на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Активностите предвидени во Програмата за работа на Републичкиот совет за 2017 година се смета дека се во согласност со надлежностите на Републичкиот совет и нивните со закон утврдените обврски, поради што се дава позитивно мислење.

Во поглед на планирањето на роковите за реализирање на активностите се укажува дека најчесто истите се планираат многу општо (пример „Во текот на 2017 година"). Се смета дека одредени активности се предвидливи и рокот за нивна реализација може да биде попрецизен.

Врз основа на горенаведеното, а заради преземање на сообраќајно превентивните активности како дел од надлежностите на Министерството за внатрешни работи, повторно се потенцира за неопходноста од:

- донирање на 35 професионални батериски ламби;
- модернизирање на уредите и опремата на надлежната организациска единица која врши контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата (алкомери, друга опрема, односно батериски ламби, фото-апарати и сообраќајни знаци и чуњеви за обезбедување на лице место на сообраќајна незгода) и
- прецизирање колку општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата се формирани и во кои општини.

**Точка 40**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Македонска радио-телевизија за 2016 година и притоа го утврди следново мислење:

Врз основа на член 106 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13 114, 44/13, 101/14, 132/14 и 142/16), Македонската радио-телевизија е должна да донесе Годишен извештај за работа за претходната година и Годишна програма за работа за наредната година. Врз основа на член 106 став 5, Годишниот извештај за работа за претходната година Македонска радио-телевизија го доставува до Собранието на Република Македонија на разгледување најдоцна до 31 март во тековната година и тој треба да содржи:

- Извештај за реализација на програмата за работа од претходната година;
- Финансиски извештај за реализација на финансискиот план од претходната година и годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски од претходната година групирани по структура и по организациона структура на Македонска радио-телевизија и
- Ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор и ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него, како и ставот на Македонска радио-телевизија во однос на резултатите од извршената ревизија.

Исто така врз основа на став (6) од истиот член, во прилог на Годишниот извештај за работа на Македонска радио-телевизија за претходната година се доставува и усвоената Годишна програма за работа на Македонска радио-телевизија за претходната година.

Во однос на информациите кои се содржани во Годишниот извештај за работата на Македонската радио-телевизија за 2016 година, како и претходно особено се истакнува: Во Извештаите на Европската Унија за развојот на Република Македонија, беше констатирано дека целосна уредувачка независност се уште не е постигната и дека е потребно Македонска радио-телевизија да ја зајакне независноста и своите капацитети. Како резултат на ова, со политички договор беше одлучено со измени во Изборниот законик во 2016 година, на предлог на политичката партија во опозиција со најголем број пратеници во Собранието на Република Македонија, а по претходна консултација со двете политички партии на власт со најголем број пратеници во парламентот и политичката партија во опозиција, со втор најголем број пратеници во Собранието, од редот на експертите од областа да се назначи уредник на информативната програма на Македонска радио-телевизија.

Во т.н. Извештај на Прибе, наведено е дека треба да се покажат видливи резултати од реформите во јавниот радиодифузен сервис, со цел решавање на недостигот од политичка независност и недостиг на балансирано известување („Итни реформски приоритети"). Исто така, потенцирано е дека јавноста треба да има пристап до објективно и точно известување и различни гледишта преку мејнстрим медиумите, особено на јавниот радиодифузен сервис. Сите медиуми (вклучително и Македонска радио-телевизија) треба да преземат сопствена одговорност за професионално однесување.

Потребните реформи на Македонска радио-телевизија ќе обезбедат во иднина да нема потреба повторно преку политички договор да се назначува уредник на информативната програма.

Реформи во јавниот сервис покрај другото подразбира преземање активности во насока на:
- Почитување на професионалните и етички новинарски стандарди, односно целосна имплементација на членот 111 од Законот, со цел обезбедување уредувачка независност, вистинитост, непристрасност, објективност, избалансираност и сеопфатност во информирањето,
- Обезбедување безбедност на новинарите и заштита на нивните права,
- Обезбедување отчетност спрема јавноста т.е. обезбедување на механизам за жалби и реакции од јавноста во однос на почитување на професионалните и етичките стандарди во емитуваните програми,
- Обезбедување на правото на одговор и исправка,
- Обезбедување континуирани обуки и едукација на медиумските работници, особено на новинарите за почитување на професионалните и етички новинарски стандарди,
- Учество на домашни и меѓународни настани, конференции итн.

Имајќи го предвид претходното, а во насока на надминување на забелешките од Европската Унија, во Извештајот за работењето на Македонска радио-телевизија за 2016 година, детално треба да бидат прикажани активностите на Македонска радио-телевизија во однос на таксативно наведените реформи.

Согласно членовите 133 и 134 од Законот, Македонска радио-телевизија соработува со јавни радиодифузни сервиси од други држави и меѓународни институции. Во таа насока, преземените реформи на Македонска радио-телевизија треба да бидат согласно меѓународните препораки и стандарди (особено на Советот на Европа и EBU), како и согласно најдобрите пракси од други јавни радиодифузери.

Во однос на финансиското работење на Македонска радио-телевизија согласно Извештајот, заклучно со 31.12.2016 година, Јавното радиодифузно претпријатие има

прикажано приходи во вкупен износ од 1.189.828.620 денари, што претставува намалување од 7,35% споредено со износот на приходи остварен во 2015 година. Во вкупниот износ на приходи, најзначаен дел претставуваат приходите на радиодифузна такса (803.083.639 денари) и приходите од Буџетот на Република Македонија за финансиска поддршка на ЈРП „Македонска радио-телевизија"-Скопје.

На страната на расходи, претпријатието има прикажано износ од 1.111.918.629 денари (износ без инвестиции), односно 1.130.368.725 денари (износ со инвестиции), при што крајниот финансиски резултат е позитивен и изнесува 77.909.991 денари. Во вкупно прикажаниот приход на расходи, приходите за амортизација изнесуваат 124.412.568 денари.

Структурната и споредбена анализа на реализираното во 2016 година, споредено со претходната година, покажува зголемувања кај следните расходни позиции: трошоци за вработени, поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии, трошоци за ситен инвентар и автогуми, комунални услуги, даноци и судски такси, дополнително утврдени расходи од минати години и камати од работење и затезни камати.

Во прилог на материјалот е доставен Ревизорски извештај од независен ревизор во кој е наведено дека финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на претпријатието за 2016 година.

Во однос на прашањата разгледани од страна на ревизорот, а кои се однесуваат на користење на земјиште и градежни објекти, потребно е надлежните органи на претпријатието да го известат основачот за преземените активности, согласно забелешките на ревизорот.

**Точка 41**

Владата го симна од дневен ред Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти во 2016 година.

**Точка 42**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и притоа го утврди следново мислење:

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст Агенцијата), во законски утврдениот рок го има доставено Извештајот до Собранието на Република Македонија, согласно членот 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13 114, 44/13, 101/14, 132/14 и 142/16). Исто така, Агенцијата ги има испочитувано законските одредби во однос на документацијата која треба да ја достави со Годишниот извештај и со Годишната програма за работа.
Една од најзначајните активности на Агенцијата во 2016 година е следењето на предвремените парламентарни избори и нивното медиумско покривање, за кои се изработени: 10 извештаи за период од по 10 дена за 18 програмски сервиси кои биле предмет на надзор до почетокот на кампањата, два извештаи за четири радиодифузери на државно ниво кои биле предмет на надзор само во периодот на изборната кампања, еден извештај  за целиот период на изборната кампања за 25 регионални радија и телевизии чии програми се достапни во Агенцијата, како и еден групен извештај за периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година, за 63 радија и телевизии чии програми не се достапни во Агенцијата.

Во Извештаите на Европската Унија за развојот на Република Македонија, беше констатирано дека постои загриженост за политичката независност на Агенцијата во пракса и се препорачува Агенцијата да ја зајакне својата независност и капацитети во работењето. Како резултат на ова со политички договор беше договорено со измени во Изборниот законик во 2016 година, во рамките на Агенцијата да се формира Привремена комисија за следење на медиумско претставување која ќе врши мониторинг на спроведување на одредбите од Законот кои се однесуваат на изборното медиумско претставување. Во оваа насока, а со цел во иднина да не се случи потреба од повторно формирање на вакво паралелно тело, потребно е Агенцијата да ги зајакне своите капацитети, професионалност и независност во работењето.
Имајќи го предвид претходното, Владата на Република Македонија смета дека од страна на Агенцијата во Извештајот не е даден одговор на забелешките/критиките во Извештаите на Европската Унија за загриженоста за политичката независност на Агенцијата.

Со цел да се обезбеди дополнителна независност на Агенцијата, а тргнувајќи од досегашната пракса, се смета дека неопходни се дополнителни измени во Законот во однос на критериумите и начинот на избор, односно треба да се воведат дополнителни ограничувања за тоа кој се може да биде член во Советот на Агенцијата, како на пример лица кои биле раководни лица во органи на политичка партија да не можат да бидат именувани за членови на Советот (слично како ограничувањата за членови на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија утврдени во Законот).

Во 2016 година, Агенцијата, исто така, има извршено:

- 118 програмски надзори (79 на радиодифузерите, два на давателите на аудиовизуелни меедиумски услуги по барање и 37 на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи),
- 174 редовни (167 на радиодифузерите и седум над издавачите на печатени медиуми),
- 39 вонредни програмски надзори (пет на радиодифузери и 34 на оператори),
- 48 контролни програмски надзори (29 на радиодифузери и 19 на оператори),
- два вонредни административни надзори,
- 46 контролни административни надзори (39 на радиодифузери и седум на издавачи на печатени медиуми).

Од извештајот може да се констатира дека Агенцијата за воочени прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, презела вкупно 171 мерка, од кои 121 решение за преземање мерка опомена, седум барања за поведување на прекршочна постапка. Од прикажаното се забележува тренд на намалување на бројот на изречени мерки споредено со претходната година. Исто така, Агенцијата покренала 37 предлози за одземање на дозвола по однос на плаќање на годишниот надоместок за дозвола, од кои за 31 постапката е запрена поради усогласување на работењето на радиодифузерите со Законот, а донесени се и шест решенија за бришење од регистарот на радиодифузери поради престанување на важноста на дозволата за работа по сила на закон.
Особено значајни за Агенцијата се активностите во насока на развој и промовирање на медиумската писменост и социјалната инклузија, а согласно препораките содржани во Извештајот на Европската комисија од ноември 2016 година. Во рамките на тоа, реализирано е истражувањето за медиумската писменост кај возрасната популација во Република Македонија. Исто така, во соработка со заинтересираните страни, а особено граѓанскиот сектор, формирана е Мрежата за медиумска писменост на Република Македонија, со цел да ги олесни комуникацијата и консултацијата меѓу различните субјекти кои работат на подигнувањето на нивото на медиумската писменост на сите граѓани.
Иако Агенцијата нема законска надлежност за надзор врз почитување на професионалните и етичките новинарски стандарди (предмет на саморегулација), како

и по однос на говорот на омраза, сепак во 2016 година, извршила вонредни надзори врз емитуваните програми од страна на радиодифузерите, при што двапати проценила појава на говор на омраза. Писмениот извештај од извршениот програмски надзор на стручната служба на Агенцијата, доставен е до Комисијата за заштита од дискриминација и до Основното јавно обвинителство, со барање секој од нив да постапи во рамките на своите надлежности.

Во рамките на преземените обврски за спроведување на истражувања и анализи, Агенцијата во текот на 2016 година, ги изработила извештаите и анализите кои се однесуваат на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2015 година, структурата на вработените според работни места, образование пол, статус и етничка припадност, за мислењето на публиката по однос на квалитетот на програмската понуда на медиумите, за следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и нивната транспарентност, за преземените мерки и најчести прекршувања од страна на издавачите на медиуми и др.

Од програмата за работа на Агенцијата за 2017 година, се констатира дека акцентот се става на неколку приоритетни активности, како што се: изготвување на Нацрт-стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот 2018-2022 година, мониторинг на медиумското покривање на редовните локални избори, програмски надзор над радиодифузерите, обезбедување јавност во работата на радиодифузерите, заштита на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите, социјалната инклузија и медиумската писменост, како и поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите.

Воедно, се смета дека Агенцијата треба да продолжи со напорите за зголемена предвидливост и транспарентност на своето работење, согласно препораките на Европската комисија, потоа промовирање и подигнување на свеста кај јавноста во однос на надлежностите и работата на Агенцијата, пред се во однос на медиумската писменост, заштитата на малолетната публика, како и користењето на социјалните мрежи и интернет пребарувачите од аспект на гарантирањето на слободата на изразување од една страна и заштитата на човековите права од друга.

Во однос на идното доделување на дозволите за радиодифузија, како и минатата година се потенцира дека согласно член 70 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, пред донесување на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување, без оглед дали се работи по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна, потребно е претходно Агенцијата да изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на Законот, како и од аспект на потребите на публиката. За да ги утврди потребите на публиката за телевизиско или радио емитување во соодветната сервисна зона, како и за видот, односно форматот на програмските сервиси за кои треба да се објави конкурсот, Агенцијата може да спроведе јавно истражување.

Од Годишниот извештај за работа не е наведено дали Агенцијата согласно членот 45 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 2016 година имала преземено мерки/активности за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (програмски сервиси на радиодифузери и на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање) од други држави на територијата на Република Македонија, доколку истите го прекршиле Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Исто така, во извештајот не е наведено дали Агенцијата согласно членот 56 став (1) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 2016 година имала преземено

мерки/активности доколку утврдила обезбедување на аудиовизуелни медиумски услуги по барање од лица, кои за вршење на оваа дејност претходно не се регистрирале во Агенцијата согласно Законот.
Согласно податоците за финансиското работење во 2016 година, Агенцијата во 2016 година има реализирано приходи во вкупен износ од 123.574.378 денари, во кој најзначајни се приходите од наплатена радиодифузна такса и од надоместок за дозволи за телевизиско и радио емитување. Споредено со претходната година, кај приходите постои намалување од 35,49%, од причина што во 2015 година е евидентиран приход од заеми и кредити (40.000.000 денари), како и износ на пренесени средства од 52.318.420 денари. На страната на расходи, Агенцијата има реализирано износ од 94.988.083 денари, шта е за 50,41 % намалување во однос на претходната година. Анализата на расходните ставки споредено со 2015 година, покажува зголемување кај следните ставки: трошоци за униформи, обувки и облека, потрошени канцелариски материјали, потрошена електрична енергија, трошоци за кредити и камати, дневници за службени патувања во странство, надоместоци за трошоци за превоз за службени патувања во странство, јубилејни награди, договорни услуги, трошоци за набавка на опрема и трошоци за плати.

Согласно Финансискиот план за 2017 година, Агенцијата има планирано приходи и расходи во вкупен износ од 124.163.472 денари. Во структурата на планираните приходи, 107.150.000 денари се приходи од оперативно работење, 8.813.472 се средства од минати години, а 8.200.000 денари се средства планирани од Буџетот на Република Македонија. Во однос на проектираните буџетски средства, се укажува дека е потребно Агенцијата да достави соодветно образложение за нивното планирање (по кој основ истите се планираат и начинот на утврдување на висината на истите).

Исто така, се цени дека е потребно да се преоценат планираните зголемувања на расходите за дневници за службени патувања и патни трошоци, интелектуални и други услуги и средства за опрема. Исто така, потребно е да биде дадено и образложение за причините за зголемувањето на износот за плати за вработените за 2017 година, споредено со претходната година.

Во прилог на актите за финансиското работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е доставен и Извештај на независниот ревизор во кој е констатирано дека финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата.

## <u>Точка 43</u>

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година и притоа го утврди следното мислење:

А. Отчетност пред Собрание на Република Македонија
Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст Агенцијата), го доставува Извештајот во функција на исполнување на обврската утврдена во член 11 ставови (1) и (2) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), во кој е утврдено дека Агенцијата за својата работа дава отчет пред Собранието на Република Македонија, со доставување на извештај за својата работа. Извештајот од ставот (1) на овој член Агенцијата е должна да го достави до Собранието на Република Македонија на разгледување најдоцна до 31 март во тековната година.
Согласно ставовите (3), (4) и (5) на овој член извештајот од ставот (1) на овој член содржи: а) Годишен извештај за работа на Агенцијата за претходната година и б)

Годишна програма за работа на Агенцијата за наредната година. Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година особено содржи: извештај за развојот на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија во претходната година; извештај за реализацијата на активностите утврдени во годишната програма за работа на Агенцијата за претходната година; финансиски извештај за реализација на финансискиот план за претходната година и годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата; ревизорски извештај од независен овластен ревизор, како и од Државниот завод за ревизија, доколку има извршено ревизија. Во прилог на ревизорскиот извештај се доставува и ставот на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија; и извештај за состојбата на средствата во компензацискиот фонд за универзална услуга, кој особено содржи податоци за исплата на нето трошоците на давателите на универзална услуга.
Согласно ставот (5) од истиот член, во Годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година се утврдуваат задачите и целите кои Агенцијата треба да ги исполни наредната година, согласно со овој закон и истата особено треба да содржи: програма за планирани активности за наредната година и финансиски план за наредната година, кој содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за наредната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и превидените капитални инвестиции на Агенцијата за наредната година
Според став (6) на овој член, Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година од ставот (3) точка а) на овој член го усвојува комисијата на Агенцијата, по предлог на директорот на Агенцијата, најдоцна до 10 март во тековната година.
Согласно став (7) од истиот член, Годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година од ставот (3) точка б) на овој член ја усвојува Комисијата на Агенцијата, по предлог на директорот на Агенцијата, најдоцна до 10 декември во тековната година, а додека во ставот (8) е наведено дека Годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година од ставот (3) точка б) на овој член може во текот на годината да се измени, по постапка предвидена за нејзино донесување.
Имајќи ги во предвид доставените информации и индикатори за развојот на пазарот за 2016 година, како и работењето на Агенција во 2016 година, дел од забелешките кои беа дадени минатата година по однос на работењето на Агенцијата за 2015 година, може да се повторат и за овој Извештај за работата на Агенцијата за 2016 година.

Исто така, дел од активностите кои Агенцијата ги предвидела за реализација во Годишната програма за работа за 2016 година не ги реализирала, а дел од нив се предвидени за реализација согласно Годишната програма за работа за 2017 година.

Б. Обезбедување транспарентност и влијание на јавноста во работата на Агенцијата

Согласно членот 13 од Законот, Агенцијата пред да ја донесе Годишната програма за работа на Агенцијата за 2016 година е должна на својата веб страница јавно да ја објави, со цел да обезбеди јавна расправа. Рокот на траењето на јавната расправа не смее да биде пократок од 30 дена од денот на објавувањето.

Со цел да се обезбеди партнерски пристап, односно влијание на јавноста (особено од страна на приватниот сектор т.е операторите), Агенцијата согласно законот е должна на својата веб страница јавно да ги објави добиените мислења и коментари, како и ставот на Агенцијата по однос на истите.

Укажуваме на тоа дека Агенцијата на својата веб страна јавно ги има објавено Годишниот извештај за работа на Агенцијата за 2016 година и Годишната програма за

работа на Агенцијата за 2017 година, но ги нема објавено добиените мислења и коментари, како и ставот на Агенцијата по однос на истите.

В. Развој и користење на фиксен и мобилен широкопојасен пристап до интернет (бродбенд)

Развојот на новите ИКТ технологии и on-line услугите е предусловен од развојот и користењето на фиксен и мобилен бродбенд. Бродбендот е основниот „елемент“ за развој на секое информатичко општество, односно основен елемент за демократскиот, социјалниот, културниот, образовниот, здравствениот и економскиот развој. Од овие причини, многу меѓународни институции (ITU/UN, OECD, World Bank итн.), како и Европската Унија, степенот за развојот и користењето на бродбендот во една држава преставува индикатор за развој на државата.

- Дигитална агенда на Европската Унија (2010-2020)

Република Македонија е земја кандидат за членство во Европската Унија и од таа причина развојот и користењето на бродбендот треба да се усогласи со целите за развој и користење на бродбендот утврдени во Дигиталната агенда на Европската Унија (2010-2020).

Во однос на бродбендот, согласно Дигиталната агенда целта која државите треба да ја постигнат до 2020 година е 50% од домаќинствата да имаат претплатнички договор со бродбенд пристап до интернет со најмала брзина од 100Mbps (супер брз пристап) .

На поткомитетите и комитетите со Европската Унија континуирано се истакнува неопходноста Република Македонија да ги достигне целите утврдени во Дигиталната агенда.

Согласно доставениот материјал, со цел да се достигнат целите во Дигиталната агенда, Агенцијата има усвоено подзаконски акт во кој е наведено дека:

“До крај на 2016 година: најмалку 30% од домаќинствата да имаат можност за пристап до јавна комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30Mbps и најмалку 15% од домаќинствата да имаат можност за пристап до јавна комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100Mbps“.

Во доставениот материјал недостасува информација дали овие цели биле исполнети во 2016 година.

- Пенетрација на користењето на фиксниот и мобилниот бродбенд во Република Македонија

Од доставениот Извештај за развојот на пазарот за 2016 година, може да се забележи дека во однос на 2015 година има мало зголемување од 2.2 % во користењето на фиксниот бродбенд т.е бројот на претплатници на фиксен бродбенд од 362.587 во 2015 година, се зголемил на 370.567 во 2016 година (зголемувањето во 2015 година во однос на 2014-та, изнесувало 6.21% т.е од 341.373 на 362.587).

Мало зголемување имало и во користењето на мобилниот бродбенд. Имено, во 2016 година имало зголемување од само 0.88% во користењето на мобилниот бродбенд во однос на 2015 година т.е бројот на претплатници од 1.149.281 се зголемил на 1.159.445 (зголемувањето во 2015 година во однос на 2014-та изнесувало 14.3 % т.е од 1.005.421 на 1.149.281).

Од претходното, може да се изведе заклучок дека пенетрацијата на користењето на фиксниот и мобилниот бродбенд во 2016 година е скоро ист со 2015 година (приближно 18% за фиксен бродбенд и приближно 55% за пенетрација на мобилен бродбенд), што е значително помала од средната вредност на пенетрацијата на фиксниот и мобилниот бродбенд во државите на Европската Унија (приближно 30% пенетрација за фиксниот бродбенд и 72% за мобилниот бродбенд) и ја поставува Македонија во друштво со Косово, Албанија, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.

- Пристапна брзина до интернет/споредба со земјите на ЕУ

Во доставениот Извештај за развојот на пазарот за 2016 година, прикажано е користењето на интернет според пристапна брзина:

Доколку се прикаже користењето на интернет според пристапна брзина, согласно Извештајот за развојот на пазарот за 2015 година:

Од двете табели може да се изведе заклучок дека граѓаните најмногу го користат интернетот со пристапна брзина помеѓу 8 и 20 Mbs, додека порастот во користење на многу брзиот интернет пристап е низок.

Истото може да се забележи доколку се споредуваат извештаите за развојот на пазарот за 2016 и 2015 година, од аспект на воведување/инвестирање во нови технологии (оптика-FTTx, CableDOCSIS 3.0, итн). Имено, во 2015 година постоеле вкупно 18.216 претплатнички договори со оптички пристап до интернет, додека во 2016 година таа бројка се зголемила на само 20.436. Тука треба да се има предвид дека од вкупно 20.436 претплатници со оптички пристап до интернет околу 10% од нив користеле брзина од над 100Mbs што е приближно 0,3% од вкупниот број на домаќинства во Македонија.

Доколку се прикажат и споредат податоците со земјите на Европската Унија (средни вредности):

Од претходното може да се види дека постои значителна разлика помеѓу Република Македонија и земјите од Европската Унија во: пенетрацијата на бродбендот (фиксен и мобилен), инвестициите и користењето на брз и супер брз интернет.

Овие податоци се совпаѓаат и со последните извештаи на Светска банка во кои е истакнато дека меѓународниот интернет сообраќај по однос на интернет корисник во Република Македонија е низок (за фиксен бродбенд), што повторно укажува за низок развој и користење на многу брз интернет пристап, односно на мали инвестиции во нови брзи мрежи.

- Прифатливоста на малопродажната цена за користење на фиксен/мобилен бродбенд

Според Светската Банка и ITU прифатливоста на малопродажната цена за користење на фиксен/мобилен бродбенд е есенцијално за негово поголемо користење. Според ITU, пенетрацијата на бродбенд рапидно се зголемува доколку малопродажната цена на оваа услуга е под 5% од просечното месечно примање (во земјите на ЕУ просекот е 1.3%) .
Според последното истражување на ITU (Measuring the Information Society Report 2016), Република Македонија повторно како и во 2015 година, со некои земји од регионов има најмалку прифатлива цена за користење на бродбенд услугата.

Во иста насока се и последните извештаи на Светска банка за Република Македонија, во кои е истакнато дека малопродажната цена за спор/основен пристап до интернет (до

2Mbs) може да се смета за прифатлива цена за граѓаните, додека малопродажните цени за брз и супер брз пристап до интернет (фиксен и мобилен) може да се сметаат за скапи. Согласно законот, регулирањето на малопродажните цени е законска обврска на Агенцијата.
Имајќи го предвид претходното може да се заклучи дека за постигнување на забрзан развој и користење на бродбендот (и фиксен и мобилен), а со цел да се достигнат целите од Дигиталната агенда, потребни се дополнителни значителни активности и мерки.

Разликата во однос на земјите на Европската Унија во однос на користењето, брзините и инвестициите во брзи и супер брзи пристапни мрежи може да стане уште поголема доколку се има предвид дека ЕУ при крајот на 2016 година, воведе нова стратегија за гигабитна Европа како и 5G Акциски план.

Г. Користење и управување со радиофреквенции

Радиофреквенцискиот спектар е ограничен природен ресурс, со значителна, социјална, културна и економска вредност. Радиофреквенцискиот спектар особено е значаен и за развојот на мобилниот бродбенд (особено за воведување на 5G).

Од таа причина, од особена важност е Агенцијата истиот да го менаџира флексибилно, со цел да обезбеди негово ефикасно користење, како и негова неутралност во однос на технологии и услуги.

Во оваа насока доставениот материјал треба да содржи подетални информации за следното:

- Како ќе се надминат забелешките од Европската Унија кои се однесуваат на висината на надоместокот за користење на радиофреквенциите (види подолу),
- Како е имплементиран членот 192 од Законот, според кој операторите до 25 мај 2016 година, имаат право да доставaт барање до Агенцијата за да ги преиспита ограничувањата од аспект на неутралност во однос на технологии и неутралност во однос на услуги, утврдени во издадените одобренија за користење на радиофреквенции.
- Степенот на ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар,
- Активностите кои јавно беа најавени за можен влез на трет мобилен мрежен оператор.

Д. Заштита на правата на корисниците

Агенцијата има важна улога во обезбедувањето високо ниво на заштита на правата на потрошувачите во нивните односи со операторите. Во таа насока, потребно е во извештајот покрај табелата на активности во врска со заштита на правото на корисниците, да содржи и статистика во чија полза завршил спорот, односно колку приговори биле прифатени, најчести случаи за приговор/покренување спор итн.

Ѓ. Распределба на вишокот средства

Во Извештаите на ЕУ за развојот на Република Македонија, беше констатирано дека кредибилитетот на Агенцијата продолжува да биде нарушен преку распределбата на вишокот средства за цели различни од развивањето електронски комуникации.

Исто така, беше констатирано: „Ревизијата одобрена од регулаторот, Агенцијата за електронски комуникации и објавена во март 2015 година, утврди дека спектралните надоместоци ги надминуваат оперативните финансиски потреби на регулаторот“.

Ревизијата, исто така, сугерираше дека регулаторот користи 45% од вишокот на своите средства за цели различни од развојот на електронски комуникации, со што би било спротивно на својот мандат. Остануваат некои проблеми за неговата способност да постапува независно и треба да се отстранат неговите законски надлежности за донирање.

Имајќи предвид дека Агенцијата се финансира од надоместоци кои на нејзина сметка ги плаќаат операторите (за користење на радиофреквенции, за користење на броеви и за надзор над пазарот), планирани високи вишоци на средства/донации на Агенцијата за операторите значи плаќање на високи надоместоци кон Агенцијата, што ги оневозможува да инвестираат во иновации, нови генерации мрежи и услуги што е спротивно на целите утврдени во членот 2 од законот.

Од друга страна, бидејќи во цените на услугите на операторите (големопродажни и малопродажни) се вкалкулира и трошокот на операторот кој ќе го има за плаќање на надоместоците кон Агенцијата, високите надоместоци влијае врз можноста за влез на нови оператори, како и на прифатливоста на малопродажната цена која ја плаќаат граѓаните, што повторно е спротивно на целите утврдени во членот 2 од законот.

Од овие причини во став (1) член 29 од Законот е утврдено дека: „Агенцијата се финансира од средствата остварени од приходите од надоместоците утврдени во оваа глава од овој закон заради покривање на административните трошоци, односно обезбедување на адекватни финансиски и човечки ресурси со цел Агенцијата да може да ги спроведе надлежностите утврдени со овој закон.“

Од страна на Европската Унија неколку пати беше подвлечена потребата од стриктно почитување на оваа одредба од Законот која е согласно член 3 од Рамковната директива на Европската Унија.

Имајќи го предвид претходното, како и забелешките утврдени во Извештајот на Европската Унија, особено подвлекуваме дека Владата на Република Македонија е против распределба на вишокот средства на Агенцијата, а особено преку донации, за цели различни од развивањето електронски комуникации, што не е во согласност со регулаторните цели и начела утврдени во законот според кои треба да работи Агенцијата.

Е. Приходи и расходи на Агенцијата

Согласно доставениот извештај, Агенцијата во периодот од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година, има остварено приходи во вкупен износ од 577.108.924 денари, што претставува реализација од 96,88% на планираните приходи. На страната на расходи, Агенцијата има реализирано износ од 565.122.000 денари, односно реализација од 94,86% во однос на планираните расходи за 2016 година.

Во прилог на актите за финансиското работење на Агенцијата е доставен Извештај на независниот ревизор во кој е наведено дека финансиските извештаи ја прикажуваат објективно во сите материјални аспекти работата на Агенцијата за 2016 година.

Во однос на прашањата разгледани со посебно внимание, Владата на Република Македонија укажува на потребата надлежните органи да го информираат основачот за преземените активности по однос на истите.

Со предложениот Годишен финансиски план на Агенцијата за 2017 година, планираните приходи и расходи се утврдени на износ од 492.000.000 денари.

Во однос на проекциите на непродуктивни расходи, укажуваме на потребата да се имаат предвид насоките на Владата на Република Македонија за намалување на овој вид на расходи.

**Точка 44**

Владата го симна од Дневен ред Извештајот за работата на Советот за статистика на Република Македонија, за периодот јануари - декември 2016 година.

**Точка 45**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2017 година и Предлог-одлуката за одобрување на Финансискиот план на Македонската радио-телевизија за 2017 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 106 став (1) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), Македонската радио-телевизија е должна да донесе годишен извештај за работа за претходната година и годишна програма за работа за наредната година. Според став (2) од овој член, Годишната програма за работа за наредната година Македонската радио-телевизија е должна да ја достави до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 октомври во тековната година и истата особено треба да содржи: програма за работа за наредната година со планирани активности особено за исполнување на програмските обврски на Македонската радио-телевизија согласно со овој закон и финансиски план за наредната година кој ги содржи планираните приходи и расходи на Македонската радио-телевизија за наредната година групирани по структура и по организацона структура на Македонската радио-телевизија, како и предвидените капитални инвестиции на Македонската радио-телевизија за наредната година. Според став (3) од овој член, во прилог на годишната програма за работа на Македонската радио-телевизија за наредната година се доставува и усвоената годишна програма за работа на Македонската радио-телевизија за тековната година, а според став (4) од овој член, финансискиот план од ставот (2) алинеја 2 на овој член го одобрува Собранието на Република Македонија најдоцна до 31 декември во тековната година.

Во правниот основ за донесување на Предлог- одлуката, во заградата ќе треба да се наведе и бројот „142/16" на „Службен весник на Република Македонија", во кој е објавено последното изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Исто така, текстот на Предлог-одлуката има потреба од редакциско подобрување.

Во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2016 година, подготвен од Европската комисија, како и во т.н Извештај на Прибе, главната забелешка која е наведена се очекувањата за видливи резултати од реформите во јавниот радиодифузен сервис, со цел решавање на недостигот од политичка независност и постигнување на балансирано известување („Итни реформски приоритети"). Меѓу другото наведено е дека јавноста треба да има пристап до објективно и точно известување и различни гледишта преку мејнстрим медиумите, особено на јавниот радиодифузен сервис. Сите медиуми (вклучително и Македонската радио-телевизија) треба да преземат сопствена одговорност за професионално и етичко однесување.

Реформи во јавниот сервис покрај другото подразбира преземање активности во насока на:

- Почитување на професионалните и етички новинарски стандарди[1], односно целосна имплементација на членот 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги, со цел обезбедување уредувачка независност, вистинитост, непристрасност, објективност, избалансираност и сеопфатност во информирањето;
- Обезбедување безбедност на новинарите и заштита на нивните права ;
- Обезбедување отчетност кон јавноста т.е обезбедување на механизам за жалби и реакции од јавноста во однос на почитување на професионалните и етичките стандарди во емитуваните програми ;
- Обезбедување на правото на одговор и исправка ;
- Обезбедување континуирани обуки и едукација на медиумските работници, особено на новинарите за почитување на професионалните и етички новинарски стандарди ;
- Учество на домашни и меѓународни настани, конференции итн.

Имајќи го предвид претходното, во Годишната програма за работа на Македонската радио-телевизија за 2017 година, детално треба да бидат прикажани активностите во однос на таксативно наведените реформи, во насока на надминување на забелешките од Европската Унија. За исполнување на активностите потребни се видливи резултати во делот на донесувањето и спроведувањето на општите правила за програмските и професионалните стандарди.

Исто така, од особена важност е Македонската радио-телевизија да има стабилно финансирање, кое е предвидено и во усвоените Итни реформски приоритети од страна на Владата на Република Македонија, како и во Извештајот на Европската Унија за напредокот на Република Македонија за 2016 година.

Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија согласно член 124 од законот ги донесува општите правила за програмски и професионални стандарди во Македонската радио-телевизија. Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија согласно законот го следи исполнувањето на програмските обврски, професионалните стандарди, а во случај на нивно непочитување е должен писмено да го предупреди директорот на Македонската радио-телевизија и може да побара од него да го прекине емитувањето на програмата.

Согласно доставените проекции со Финансискиот план за 2017 година, Јавното претпријатие планира да реализира приходи со вкупен износ од 1.205.500.000 денари (зголемување од 2,64 % во однос на 2016 година), од кои најголемо е учеството на приходите од радиодифузна такса. Во делот на износот на средства кои е планирано да бидат обезбедени од Министерството за информатичко општество и администрација, по однос на Одлуката на Меѓуресорската комисија за производство на домашна играна и домашна документарна програма за 2017 година, одобрени се вкупно 7.130.986 денари.

Расходната страна на претпријатието за 2017 година е утврдена на ниво од 1.205.500.000 денари (намалување од 0,71% во однос на 2016 година), во чиј износ влегува и износот на средства предвиден за инвестиции и набавка на опрема од 25.000.000 денари.

**Точка 46**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за одобрување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2017 година.

**Точка 47**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година

**<u>Точка 48</u>**

Владата го симна од Дневниот ред Годишниот извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2016 година, со Предлог-одлука.

**<u>Точка 49</u>**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2016 година.

**<u>Точка 50</u>**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2017 година.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ги симна од Дневен ред Предлог-одлуката за давање согласност на предлогот на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година и Предлог-одлуката за давање согласност на предлогот на годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година.

**<u>Точка 52</u>**

Владата ги симна од Дневниот ред Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2016 година, Финансискиот план за 2017 година, Стратешкиот план за 2017 година, Годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година, со предлог-одлуки.

**<u>Точка 53</u>**

Владата ги симна од Дневниот ред Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2016 година, Финансискиот план за 2017 година, Стратешкиот план за 2017 година, Годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година, со предлог-одлуки.

**<u>Точка 54</u>**

Владата ги симна од Дневниот ред Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2016 година, Финансискиот план за 2017 година, Стратешкиот план за 2017 година, Годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година, со предлог-одлуки.

**<u>Точка 55</u>**

Владата ги симна од Дневниот ред Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2016 година, Финансискиот план за 2017 година, Стратешкиот план за 2017 година, Годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година, со предлог-одлуки.

**Точка 56**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 14, став 4 и член 42, став 10 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), во делот „бара мислење и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа“, поднесено од градоначалникот на општина Богданци и притоа го утврди следното мислење:

Минералните суровини во Република Македонија се регулирани со Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16).
Со членот 14 од Законот е регулирано постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања, врз основа на кое секое правно лице вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија се стекнуваа со право за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини.
Постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања отпочнува со поднесување на иницијатива за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања при што во прилог на истата е должно да се приложи документацијата предвидена во членот 13, став 2 од истиот закон. По доставувањето на иницијативата во рок од осум дена се врши увид на локалитетот за која е поднесена Иницијативата за вршење на детални геолошки истражувања, за што се составува записник.
По извршениот увид, во рок од осум дена органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од единицата односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесена иницијативата за вршење на детални геолошки истражувања.

По добивање на мислењата, во рок од 15 дена органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини до концедентот доставува образложен предлог и одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања.
По донесување на одлуката, постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања се спроведува со јавен повик со електронска аукција.
Во однос на прашањето „Дали побараното мислење, адресирано до градоначалникот на општината, истиот требало задолжително да го спроведе до Совет на општината и Советот да се произнесе", се укажува на следното:
Со оглед дека со ставот 4 од член 14 од Законот за минерални суровини, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини по службена должност бара мислење и од единицата односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесена иницијативата за вршење на детални геолошки истражувања, во истиот не е наведен дека мислењето кое се бара треба да се адресира до градоначалникот на општината, туку до единицата на локалната самоуправа, при што согласно одредбите од Законот за локалната самоуправа, единици на локалната самоуправа се општините, а органи на општината се: советот и градоначалникот.

Во однос на прашањето „Кои се надлежностите на единиците на локалната самоуправа во постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања, т.е. на што треба да се однесува мислењето издадено од истите“, се укажува дека:
Мислењето кое се бара треба да се однесува на иницијативата за вршење на детални геолошки истражувања на определен простор од аспект на надлежностите на локалната самоуправа пропишани со закон.
Со членот 42 од Законот е регулирано постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини врз основа на барање од сопственикот на резултатите од извршените детални геолошки истражувања.
Со ставот 9 и 10 од истиот член е регулирано постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини во случај кога е поднесено барање за доделување на концесија за експлоатација на енергетски и метални минерални суровини, со што органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на заштитата на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, земјоделството, шумарството, водите, како и од единицата односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесено барање за доделување на концесија.
Мислењето кое се бара согласно ставот 10 од член 42 од Законот за минерални суровини исто така се однесува на барање на мислење од страна на локалната самоуправа на чија територија е поднесено барање за доделување на концесија како погоре објаснетото со разлика на тоа дека во овој случај се работи за мислење кое се однесува на постапка за доделување на концесија за експлоатација на енергетски и метални минерални суровини на определен простор на кој веќе се извршени детални геолошки истражувања по спроведената постапка по концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини.
Со оглед дека одредбите од Законот минерални суровини се јасни и прецизни и дека се работи за постапување за кое исклучително е надлежна општината, Владата на Република Македонија смета дека не треба да се прифати Барањето за автентично толкување на член 14, став 4 и член 42, став 10 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), во делот „бара мислење и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа“, поднесено од градоначалникот на општина Богданци

**<u>Точка 57</u>**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 15 став 4 алинеја 5 и член 69 од Законот за градежно земјиште, поднесено од градоначалникот на општина Илинден и притоа го утврди следново мислење:

Поставеното прашање на Општина Илинден за кое се бара автентично толкување дали како купувачи на градежно земјиште предвидени во членот 15 став (4) алинеја 5 и членот 69 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 17/11, 53/11, 25/13, 137/13 и 163/13), може да се јават и субјекти кои имале запишано право на користење, а кои подоцна во време на важење на Законот за градежно земјиште се откажале од правото на користење, па во моментот на поднесување на барањето не поседуваат акт за доделување, односно немаат запишано право на користење на земјиштето.

Во членот 15 став (4) алинеја 5 од горенаведениот Закон е пропишано дека „Со непосредна спогодба градежното земјиште сопственост на Република Македонија се отуѓува и во случај на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти изградени со градежно-техничка документација и запишани во јавната книга на

недвижности кои не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежното земјиште.“

Во членот 69 став (1) од овој закон изречно се пропишани кои докази се поднесуваат кон барањето во случај кога градежното земјиште се отуѓува со непосредна спогодба на другите сопственици на објекти или посебни делови од објекти изградени со градежно-техничка документација и запишани во јавната книга на недвижности кои не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежно земјиште.

Имајќи ги во предвид цитираните одредби од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/11, 53/11, 25/13, 137/13 и 163/13), Владата на Република Македонија цени дека истите се доволно јасни во однос на нивната примена во конкретниот случај односно во Законот е прецизирано како со непосредна спогодба градежното земјиште сопственост на Република Македонија се отуѓува и во случај кога сопствениците на објекти или посебни делови од објекти изградени со градежно-техничка документација и запишани во јавната книга на недвижности кои не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежното земјиште и кои докази треба да се приложат кон барањето.

## Точка 58

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 57 од Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Босилово и притоа го утврди следново мислење:

Членот 57 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13 и 79/13) содржи 2 става во кои се пропишани 2 категории на градби.

Во ставот 1 се предвидени градбите од прва категорија, меѓу кои се државните патишта, придружно услужните објекти на државните патишта утврдени со закон и складиштата за нафтени деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање од и над 1000 тони.

Во вториот став од истиот член се предвидени градбите од втора категорија, меѓу кои се општинските патишта, придружно услужните објекти на општинските патишта и улици утврдени со закон и складиштата за нафтени деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање до 1000 тони.

Градбите - придружно услужни објекти, државни патишта утврдени со закон и општински патишта, се предвидени со Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), така што, со членот 4 точка 3 се дефинира државниот пат како јавен пат кој се категоризира како автопат, експресен пат, магистрален и регионален пат од прва и втора категорија, а со точката 10 се дефинира општинскиот пат како јавен пат кој поврзува населени места на општината и е од значење за сообраќајот во општината.

Додека, со членот 40 став (3) од Законот за јавните патишта се пропишува дека во заштитниот појас на јавните патишта, надвор од населени места, можат да се градат објекти во функција на патот кои служат за потребите на возилата и патниците, и тоа: бензиски пумпни станици со станици за точење на ТНГ во моторните возила, автосервиси и вулканизери, помош на патиштата, мотели, ресторани, паркиралишта и одморалишта и видиковци со придружни објекти (јавно WC и туш кабини) и објекти за продажба на безалкохолни освежителни пијалаци и ладни сендвичи.

Оттука, имајќи ги предвид напред цитираните одредби, произлегува дека придружно услужните објекти на државните патишта утврдени со закон и складиштата за нафтени деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање од и над 1000 тони се градби од прва категорија. Додека придружно услужните објекти на општинските патишта и улици утврдени со закон и складиштата за нафтени деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање до 1000 тони се градби од втора категорија.

Складиштата за нафтени деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање до 1000, од и над 1000 тони се утврдени како посебни објекти кои во зависност од капацитетот односно тонажата можат да бидат градби од прва или градби од втора категорија.

Мислењето кое Министерството за транспорт и врски го доставило на Општина Босилово го изработило имајќи ја предвид градбата - складишта за нафтени деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање до 1000 тони како посебна градба, односно истата согласно нивното барање мислење е со капацитет под 1000 тони и претставува градба од втора категорија.

Со оглед дека Општина Босилово во ова барање за толкување попрецизно го наведува видот на објектот, односно дека предмет на легализација не се само резервоарите за гориво, туку и сите придружни објекти и објектот бензинска станица, Владата на Република Македонија смета дека членот 57 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13 и 79/13) е јасен и нема потреба од негово автентично толкување.

**Точка 59**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 142 од Законот за градежно земјиште, поднесено од градоначалникот на општина Струга и притоа го утврди следното мислење:
Во членот 142 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) е пропишано дека „со денот на отпочнување на примената од овој закон престанува да важи Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/11, 53/11, 25/13, 137/13 и 163/13).
Во цитираната одредба од Законот не е наведено дека престануваат да важат и останатите измени и дополнувања на Законот за градежно земјиште кои се објавени во службените весници на Република Македонија бр. 144/12, 44/15, 193/15, 226/15 и 30/16. Имајќи предвид дека станува збор за изменувања и/или дополнувања на основниот Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" број 17/11) кој бил во примена, а имајќи предвид дека со членот 142 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" број 15/15) е укинат Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/11), цениме дека истите престануваат да важат со отпочнувањето на примената на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16).
Заради наведеното, Владата на Република Македонија смета дека нема потреба од автентично толкување на членот 142 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16).

**Точка 60**

Владата ги разгледа Извештаите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни и медиумски услуги од истражувањата на третманот на родовите прашања и на прикажувањето и претставувањето на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2016 година и притоа го утврди следново мислење:

Посочуваме дека извештаите од истражувањата на третманот на родовите прашања и на прикажувањето и претставувањето на жените и мажите во програмите на радиодифузерите во 2016 година, е составен од :
- Извештај од анализата на начинот на кој се третирани родовите прашања во вестите на националните телевизиски програмски сервиси и
- Извештај од анализата на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во рекламите на националните телевизиски програмски сервиси.

Анализите се подготвени врз основа на однапред подготвена методологија и применети се соодветни истражувачки инструменти и техники за потребите на квалитативна и квантитативната обработка на податоците.

Укажуваме дека извештаите се во функција на исполнување на законската обврска согласно член 17 став 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15), според кој Советот за радиодифузија на Република Македонија во рамки на своите надлежности го следи начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмските концепти и содржини и еднаш годишно поднесува извештај до Собранието, односно согласно став 4, од истиот член, според кој Советот за радиодифузија во рамки на своите надлежности и овластувања, еднаш годишно подготвува анализа на родовите прашања во програмските концепти и содржини на средствата за јавно информирање.

Исто така, укажуваме дека согласно член 6 став 1 алинеја 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 104/14, 132/14 и 142/16), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, меѓу другото, спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги.

## Точка 61

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.100/2016, донесено на седницата, одржана на 31.5.2017 година со кое се поведува постапка за оценување на уставноста на член 2 точка 11 во делот „Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост“ од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр.46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015 и 23/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Уставниот суд на Република Македонија, постапувајќи по Иницијативата за оценување на уставноста на членот 2 точка 11 во делот „Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост“ од Законот за Царинската управа, поднесена од Игорчо Точев од Кочани донел решение У.бр.100/2016 од 31.5.2017 година со кое поведува постапка за оценување на нејзината уставна усогласеност со наводи дека истата е спротивна на одредбите од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

Уставниот суд смета дека оспорениот член содржи повикување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, кој веќе не е во правниот поредок, следствено на што постоеле основи за доведување под сомнение на

согласноста на оспорената одредба со принципот на владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

Имено, согласно член 2 точка 11 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија” бр.46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015 и 23/2016), царински прекршоци се прекршоци утврдени со овој закон, Царинскиот закон, Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, Законот за акцизите и/или други закони со кои одредени прекршоци се дадени во надлежност на Царинската управа.
Согласно член 44 став 1 од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр.88/2015), со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 38/2005, 107/2007, 135/2011 и 69/2013). Овој закон влегол во сила на 5.6.2015 година.

Согласно член 40 од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр.88/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) водењето на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција за сторен прекршок од членовите 37, 38 и 39 на овој закон, е во исклучива надлежност на прекршочниот орган утврден со Законот за Царинската управа.

Согласно член 61-г став (1) од Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија” бр.32/2001...31/2016), за водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција за сторени прекршоци од овој закон, надлежен е царинскиот прекршочен орган.

Од наведеното произлегува дека надлежноста за постапување на Царинската управа по прекршоци пропишани во Законот за акцизите и во Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост е дефинирана во членот 61-г од Законот за акцизите како и во членот 40 од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост, што подразбира дека Царинската управа постапува согласно важечката регулатива при што не може да се доведе во прашање владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок.

Воедно, оспорените законски одредби не се спротивни на член 8 став 1 од Уставот на Република Македонија, бидејќи со истите законодавецот немал интенција да злоупотреби или пак да ги ограничи правата за преземање на царински дејствија и во ниеден момент не ја загрозил уставната гаранција на владеењето на правото.

Во конкретниот случај се работи за закон кој во моментот кога бил донесен бил во сила Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, при што со отпочнување на примена на Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост, престанал да важи Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост.

Посочената одредба во наредниот период би требало да биде предмет на терминолошко усогласување во смисла Законот за царински мерски за заштита на правата од интелектуална сопственост да биде заменет со Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост, кој сега ги уредува прашањата што биле предмет на уредување на посочениот закон.

Во вака настаната правна ситуација, во моментот од влегување во сила на новиот закон кој уредува истородни прашања со законот кој престанал да важи, до нивното терминолошко усогласување всушност во пракса во примена de facto ќе биде новиот закон, иако de jure сеуште не е наведен истиот. Поради тоа, не станува збор за суштинска, туку за терминолошка неусогласеност.

Поради наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја оцени како уставна одредбата од членот 2 точка 11 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија” бр.46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015 и 23/2016).

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.7644 за КО Сарај на КП 11429 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Искра Кировска за продажба на идеален дел од недвижен имот, со Имотен лист бр.80976 за КО Штип-5, КП 9141 и Имотен лист бр.100453 за КО Штип-5, КП 9148 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Виолета Петровска Стефановска за продажба на недвижен имот, Имотен лист бр.4095 за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев на КП 5634 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Вера Станоевска за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.2897 за КО Кисела Вода 1, КП 5004 и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 66**

Владата ги разгледа Записникот за продажба на недвижност со усно јавно наддавање, И. бр.906/14 од 14.6.2017 година, Заклучокот за усна јавна продажба И.бр.906/14, од 16.5.2017 година и Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.906/14 од 18.04.2017 година од извршител Снежана Андреевска од Скопје, и по истите го усвои Известувањето на Министерство за транспорт и врски.

Исто така, Владата го разгледа Записникот за втора продажба на недвижност со усно јавно наддавање, И.бр.906/14 од 12.7.2017 година и Заклучокот за втора усна јавна продажба, И.бр.906/14 од 22.6.2017 од извршител Снежана Андреевска од Скопје и по истите, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 67**

Владата го разгледа Известувањето за Налог за пристапување кон извршување врз недвижност од извршител Снежана Андреевска, под И.бр.47/17 и по Известувањето, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 68

1. Владата од должноста директор - владин агент на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права, орган во состав на Министерство за правда, на негово барање, го разреши

- м-р Костадин Богданов.

1.1 Владата за вршител на должноста в.д. директор - владин агент на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права, орган во состав на Министерство за правда, ја именува

- Даница Џонова

и истовремено и утврди коефициент 3,2 за пресметување на плата.

2. Владата на Јагода Глигорова, државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Куманово и утврди престанок на функцијата, поради исполнување на условот за стекнување на правото на старосна пензија, заклучно со 31 август 2017 година.

3. Владата на Ружа Спасевска државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Скопје и утврди престанок на функцијата, поради исполнување на условот за стекнување на правото на старосна пензија, заклучно со 31 август 2017 година.

4. Владата донесе Одлука за распишување оглас за именување по еден државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјата на Скопје и Куманово.

5. Владата од должноста директор на Педагошката служба, орган во состав на Министерството за образование и наука, го разреши
- Муедин Кахвеџи.

6. Владата донесе Решение за престанување на важење на Решението за разрешување на членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој број 24-3782/1 од 11 јули 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.94/2017).

7. Владата од должноста директор на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука, ја разреши

- м-р Весна Хорватовиќ.

8. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје, ги отповика:

- Марина Блажековиќ Тошевски
- Ромела Поповиќ-Трајкова и
- Армир Садики.

8.1 Владата за членови на Надзорниот одбор на Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје, ги именува:

- Никола Поповски
- Веланд Рамадани
- Кирил Колемишевски и
- Софче Јовановска.

9. Владата од должноста директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на негово барање, го разреши

- Виктор Мизо.

10. Владата даде согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ - Скопје бр. 02 – 468/1 од 15 декември 2015 година, со која за директор на Институтот, се избира

- д-р Елена Јованова-Грујовска, научен советник.

**<u>Точка 69</u>**

1. По повод укажувањето на д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во врска со потребата од анализа на договорите кои се склучени со странските инвеститори во Република Македонија, Владата заклучи:

- се задолжува Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за наредната седница на Владата да достави предлог за начинот на декласификација на информациите и договорите за доделување на државна помош, склучени помеѓу Владата на Република Македонија и компаниите/странски инвеститори во Република Македонија, согласно важечките законски прописи.

2. Владата заклучи ЈП Македонијапат Скопје и ЈП за државни патишта за наредната седница на Владата да подготват информација за решавање на проблемите во однос на нивното понатамошно функционирање, со препораки за начинот на надминување на истите.

3. Владата формира работна група со претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за економија и Агенцијата за супервизија на осигурувањето, која ќе ги разгледа проблемите со кои се соочуваат такси превозниците и авто превозниците во однос на осигурувањето и ќе предложи начин на решавање на истите.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија, за период од 11.7.2017 година до 17.7.2017 година, и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

5. Владата во врска со временските непогоди и поплави во тетовскиот регион, ја задолжи Дирекцијата за заштита и спасување да достави извештај за состојбите и предлог за разрешување и преземање конкретни мерки околу интервенцијата на ваквите случувања.

Истовремено, Владата заклучи Дирекцијата за заштита и спасување да достави предлог-одлука за доделување на нафта и нафтени деривати, за која претходно ќе биде обезбедено мислење од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на почесна единица на Армијата на Република Македонија на церемонијата по повод примопредавање на должноста Командант на Бригадата на Југоисточна Европа - СЕЕБРИГ, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Македонија и Министерството за транспорт, информатичка технологија и врски на Република Бугарија за развој на железничката врска меѓу Скопје и Софија, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Македонија и Министерството за транспорт, информатичка технологија и врски на Република Бугарија, за развој на железничката врска меѓу Скопје и Софија.

2. Го овласти м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски да го потпише Меморандум за разбирање меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Македонија и Министерството за транспорт, информатичка технологија и врски на Република Бугарија за развој на железничката врска меѓу Скопје и Софија.

**Точка 72**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Министерство за внатрешни работи (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од формирање на Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, со Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (нов текст), во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од 15 дена, по претходно доставените номинации од надлежните институции, да подготви и до Владата да достави Предлог - решение за назначување на членови, заменици членови и секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од склучување Договор помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и фирмата Giescke&Devrient GmBH правен следбеник Veridos, за целосна реализација на

Рамковната спогодба бр.18.1-83075/1 од 28.12.2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на Буџетот на Република Македонија во периодот јануари – јуни 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за евалуација на проектите/програмите и активностите на Министерството за култура во 2017 година, со пресек до 1.6.2017 година и ја усвои со заклучок:

- се задолжува Министерството за култура, во рок од пет дена да побара од Државниот завод за ревизија, согласно своите надлежности утврдени со закон да изврши вонредна ревизија на регуларноста на работењето на Министерството за култура.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со воведување на ефтина дневна тарифа на електрична енергија за домаќинствата и ја усвои со следниот заклучок:

- Се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија веднаш да одржи работен состанок со вклучување на претставници на ЕВН Македонија АД Скопје, Министерство за економија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и во рок од седум дена да подготви анализа за повторно воведување на дневната ефтина тарифа на електрична енергија за домаќинствата и измена на Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на домаќинства и мали потрошувачи.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за линиски инфраструктурен објект ДВ 422 ТС Дуброво - грчка граница, со Предлог – одлука и притоа заклучи:

1. Се задолжуваат Министерството за економија, АД „МЕПСО“ – Скопје и Агенцијата за катастар на недвижности, а се препорачува на ЕВН Македонија АД – Скопје, преку свои соодветни претставници да остварат работни средби со цел изнаоѓање на трајно решение за надминување на проблемите со сопственоста на далноводите и трафостаниците на територијата на Република Македонија кои се појавуваат како главна пречка при издавањето на градежна дозвола за дислокација на истите при изградбата на патиштата, односно автопатите кои се во тек.
За предлозите кои ќе произлезат од работните средби на оваа тема Министерството за економија да ја информира Владата.

2. Ја донесе Одлуката за запишување на право на сопственост на АД „МЕПСО“ - Скопје на линиски инфраструктурен објект ДВ 422 ТС Дуброво - грчка граница во Катастарот на инфраструктурни објекти, во предложениот текст.

3. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности да ги прифати Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/04 од 30.3.2004 година), Законот за изменување и

дополнување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија бр. 109/04 од 14.12.2005 година), Планот за поделба на АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост ОДУ бр.526/04 и Одлуката за измена на Планот за поделба на АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост ОДУ бр.646/04, како правен основ за запишување на право на сопственост на АД „МЕПСО" – Скопје на линискиот инфраструктурен објект – далновод ДВ 422 ТС Дуброво - грчка граница во Катастар на инфраструктурни објекти

**Точка 79**

Владата по Информацијата во врска со долг на Македонски железници Транспорт АД - Скопје кон АД МЕПСО - Скопје, донесе Одлука за запирање на извршни дејствија и поврат на парични средства спрема Македонски железници Транспорт АД - Скопје, со која ќе се задолжи Управниот одбор на АД МЕПСО - Скопје, без добивање на претходна согласност од Надзорниот одбор, да побара од надлежниот извршител одблокирање и поврат на вкупните блокирани парични средства на сметката на Македонски железници Транспорт АД - Скопје.

**Точка 80**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Салем Аведат Салем за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата.

**Точка 81**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Хассан Аведат Салем Аведат за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 23:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**